Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 01-528/10
27.04.2015
СКОПЈЕ

Република
Македонија

# Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Скопје, април 2015 година

МАПАС
Агенција за супервизија на
капитално финансирано
пензиско осигурување

Врз основа на член 9-б став (2) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2010 и 135/2011,43/2014), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 21.04.2015 година, донесе

Правилник за измена и дополнување на Правилникот
за начинот на вршење на видео надзор на Агенцијата за супервизија на
капитално финансирано пензиско осигурување

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, број 01-91/4 од 28.03.2013 година, во член 3 бројот: „7" се заменува со зборот: „осум'. Третата реченица се менува и гласи: „ Шест камери се поставени во просториите на Агенцијата и тоа на првиот кат се поставени четири камери со кои е опфатен целиот ходник, една камера во просторијата каде се сместени информатичките сервери, една камера на скалите кои водат кон вториот кат и една во ходникот на вториот кат со која е опфатен ходникот на вториот кат."

Член 2

Во член 7 алинеја 6 точката на крајот од реченицата се заменува со буквата: „и" и се додава нова алинеја која гласи: „ автоматизирана промена на лозинката на секои три месеци."

Член 3

Во член 13 став 1 зборот: „седум" се заменува со зборот: „осум", а бројот: „5" се заменува со бројот: „6".

Член 4

Прилогот број 1 се менува и гласи:

Прилог 1



Член 5

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Бр. 01-528/10
27.04.2015
Скопје

Претседател на Советот на експерти
д-р Булент Дервиши

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Измената на Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување произлезе, како резултат на Извештајот за видео надзор, согласно кој дополнително е поставена камера за видео надзор во просторијата каде се сместени информатичките сервери за обработка на податоци на членови на вториот и третиот столб.